**Триглав Осигурување Живот АД**
бул. 8-ми Септември бр.18 кат 2
1000 Скопје

triglav



# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ СКЛУЧЕНО КОН ОСИГУРУВАЊЕТО НА ЖИВОТОТ

Член 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ

[1] Посебните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај склучено кон осигурувањето живот ( во натамошниот текст „посебни услови“ ) се составен дел на договорот за осигурување на животот, кој е склучен помеѓу договорувачот и Триглав Осигурување Живот АД Скопје (во натамошниот текст: „осигурувачот“).

[2] Со овие Посебни услови се регулираат односите помеѓу осигурувачот и договорувачот за следните осигурителни опасности, кои се последица на несреќен случај за:

- смрт,
- инвалидност–трајна загуба на општата работна способност (целосна или делумна),
- инвалидност со исплаќање на месечна рента за инвалидитет,
- сместување и лекување во болница.

[3] Со осигурувањето на лица од последици на несреќен случај може да се осигура лице за случај на смрт поради несреќен случај, за целосен или делумен траен инвалидитет поради несреќен случај, за надомест за болнички ден во случај на сместување и лекување на осигуреникот во болница и за случај на инвалидитет од 50% и повеќе (месечна рента за инвалидитет), и тоа само во случај ова осигурување да биде приклучено кон основното осигурување на животот.

Член 2
ЛИЦА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОСИГУРААТ ПОД ОВИЕ УСЛОВИ

[1] Според овие услови осигуреници можат да бидат лица на возраст од 14 до 75 години.

[2] Лицата, чија општа работна способност е намалена поради потешка болест, потешки телесни мани и недостатоци во смисла на член 6, став 1, точка 6, се осигуруваат со плаќање на зголемена премија.

[3] Лицата чија општа деловна способност е намалена поради вродени или стекнати телесни мани и недостатоци, како и болест, може да се осигураат по зголемени премиски стапки, според одредбите на тарифите на премии за осигурување живот. Во случај на зголемена опасност за настапување на осигурен случај поради вршење на професија или поради спортска дејност во согласност со Табелата за ризици која ја определува Осигурувачот се пресметува доплата на премијата за осигурување.

[4] Лицата, на кои во целост им е одземена работната способност, во секој случај се исклучени од осигурувањето, освен ако со законски прописи не е определено поинаку.

Член 3
ПОИМ *НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ*

[1] За несреќен случај се смета секој ненадеен и од волјата на осигуреникот независен настан, кој дејствувајќи однадвор и нагло врз телото на осигуреникот, за последица ја има неговата смрт, целосен или делумен инвалидитет или минлива неспособност за работа која бара лекување во болница.

[2] Несреќен случај во смисла на претходниот став претставува, пред сѐ: прегазување, судар, удар со или во некаков предмет, струен удар или удар од гром, паѓање, лизгање, повредување со оружје, други предмети или со експлозивни материи, убод со некаков предмет, удар или каснување од страна на животни.

[3] Како несреќни случаи се сметаат уште и следниве ненадејни и непредвидени настани, како и настани кои се независни од волјата на осигуреникот:

1) труење предизвикано од консумирање на отров во храна или хемиски средства, труење предизвикано од вдишување на гасови или отровни испарувања, освен професионални заболувања;
2) инфекција на рана, предизвикана од несреќен случај;
3) изгореници од оган или електрична енергија, жешки предмети, течности или пареа, киселини и бази;
4) давење и потопување;
5) гушење или задушување поради затрупување (со земја, песок и слично), како и поради вдишување на пареа или гас – освен професионални заболувања;
6) прекумерен телесен напор, нагли телесни движења, до кои доаѓа поради непредвидени надворешни случувања, но само ако предизвикуваат најмалку целосно кинење на мускулите, целосно изместување на зглоб, целосно кинење на лигаменти, утврдени со артроскопија или МРИ, целосен прелом на здрави коски, кршење или загуба на постојаните здрави заби (заби, кои сѐ уште не биле лекувани) кои непосредно по повредата биле констатирани во болница или во здравствена установа;
7) дејство на светлина, сончеви зраци или температура, ако осигуреникот бил изложен на такво дејство поради несреќен случај, кој се случил непосредно пред тоа или поради спасување на човечки живот;

[4] Како несреќен случај според овие услови не се сметаат:

1) сите вообичаени заразни и професионални болести, како и болестите кои се пренесуваат со каснување или со убод од животни (менингитис предизвикан од крлежи, борелиоза, маларија и слично);

2) состојби на психички дисфункции (посттрауматски стресни пречки, депресивни и анксиозни состојби, органски растојства на личноста и слично) без оглед на причината;
3) стомачни, папочни, водени и други кила (хернии), со исклучок на оние кои настануваат поради директна повреда на абдоминалниот ѕид, под непосредно дејство на надворешна механичка сила, доколку по повредата, покрај трауматска кила имало клинички констатирана повреда на меките делови на абдоминалниот ѕид во тоа подрачје;
4) инфекции и заболувања кои настануваат поради сечење или кинење на меури (плускавци) и други израстоци на кожата како и активно предизвикани болести;
5) сите облици на алергии и анафилактички шокови;
6) прекумерен телесен напор, нагли телесни движења, до кои доаѓа без надворешно делување, а кои не се предизвикани од последиците наведени во точка 6 став 3 од овој член и не биле непосредно по повредата утврдени во болница или здравствена установа;
7) интервертебрална хернија (hernie disci intervertebralis), сите видови на лумбагија, дископатија, сакралгии, цервикобрахиалгии како и други облици на иритација на нервните корени, миофасцитиси, кокцидигнии, ишиалгии, фиброзитиси и сите промени на бубрежно-сакралниот предел, кои се означени со аналогни термини како и повторувачки (хабитуални или рецидивни) исчашување или дислокација на истиот зглоб, без оглед на причината;
8) ретинална аблација (ablatio retinae) без оглед на причината;
9) последици кои настануваат заради delirium tremensa и поради дејство на опојни супстанци или други психоактивни материи или психоактивни лекови;
10) последици од медицинските интервенции, кои се изведуваат заради лекување или спречување на болеста;
11) патолошки промени на коските, забите, 'рскавицата како и последиците од несреќата на патолошко променетите коски, заби, 'рскавица;
12) зараза со вируси или салмонела, како и зараза поради консумирање на други патогени бактерии.

Член 4
ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО И ПОКРИТИЕТО

[1] Осигурувањето започнува во 24:00 часот на денот означен на полисата како почеток на осигурувањето и завршува во 24:00 часот на денот означен како крај на осигурувањето, освен ако поинаку не е договорено.

[2] За почеток и крај на осигурувањето и обврските на осигурувачот важат одредбите од Општите услови на основното осигурување на живот. За откажување важат одредбите од овие услови.

Во случај на зголемување или намалување на осигурените суми од ова осигурување, осигурувачот гарантира со новите суми за осигурување од 00:00 часот на датумот кој на полисата со додаток е наведен како почеток на измената.

[3] Ако на полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, осигурувањето се продолжува од година во година (перманентно), сè додека некоја од странките не го откаже.

[4] Осигурувањето за секој поединечен осигуреник престанува, без оглед на тоа дали и колкаво времетраење било договорено, во 24:00 часот на денот кога:
1) кај осигуреникот настапила смрт, или ако кај него се утврди 100% инвалидитет;
2) осигуреникот стане работно неспособен;
3) ќе истече годината на осигурување, во која осигуреникот наполнил 75 години старост;
4) договорот е поништен според членот 15 од овие услови;

[5] Ако не е поинаку договорено и определено во полисата за осигурување, осигурителното покритие започнува во 24:00 часот оној ден кој на полисата е наведен како почеток на осигурувањето, но не пред 24:00 часот оној ден кога била платена првата премија или рата од премијата.

Член 5
ОБЕМ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

[1] Кога ќе настане несреќен случај во смисла на овие услови, осигурувачот врши исплата на:
1) осигурена сума за смрт, ако осигуреникот починал поради несреќа  и ако тоа се случило во рок од 180 дена по несреќата;
2) осигурена сума за инвалидитет, ако поради несреќниот случај кај осигуреникот настанал целосен инвалидитет;
3) процент од осигурената сума за инвалидитет, кој е адекватен на процентот на инвалидитет според Табелата на инвалидитет, ако поради несреќниот случај настапил делумен инвалидитет кај осигуреникот. За последиците од повредите, кои не се експлицитно наведени во Табелата за инвалидитет, осигурувачот нема обврски;
4) месечна рента за инвалидитет, во согласност со член 12 став 6 од овие услови;
5) надоместок за болнички ден, во согласност со став 9 од член 12 од овие Општите услови;

[2] Обврската на осигурувачот е дадена за несреќни случаи, кои се случиле за времетраењето на осигурителното покритие и само за оние последици од несреќниот случај кои биле утврдени во медицинската документација во првата година по незгодата.

Член 6
ОГРАНИЧУВАЊА НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

[1] Ако не е посебно договорено и ако не е платена соодветната зголемена премија, договорените осигурени суми се намалуваат пропорционално во соодност помеѓу платената премија и премијата која би требало да се плати, кога ќе настане несреќен случај:
1) при извршување на особено опасни работи како што се: демонтирање на мини, гранати и други експлозивни средства, гонење при лов, каскадерство и настапување во посебно опасни филмски улоги, изведување на професионални и врвни спортски активности, професионално нуркање;
2) при управување и возење со летала и летачки направи од сите видови, освен за патниците во јавниот сообраќај;
3) на трки со моторни возила, без оглед на категоријата на возилото и на тренинзите;
4) при спортско учество на индивидуални или организирани тренизи како и јавни спортски

натпревари, на кои осигуреникот учествува како регистриран член на спортската организација или друштво;
5) поради воени операции или немири, освен ако во нив не учествувал активно;
6) кај лицата, кои прележале некоја тешка болест, или при склучувањето на договорот за осигурување се тешко болни, или имаат вродени или стекнати тешки телесни мани или недостатоци, заради што нивната општа работна способност според овие услови е намалена за повеќе од 50%.

[2] Поради несреќен случај што му се случил на осигуреникот како сопатник при возење со возило, чиј возач во моментот на несреќата возел под дејство на алкохол, опојни супстанции или други психоактивни супстанции, осигурувачот исплаќа 75% од осигурената сума и тоа без оглед на причинско-последичната врска. Осигурувачот ќе исплати исти дел од сумата на осигурувањето, ако осигуреникот при незгодата не носел заштитна кацига, не бил врзан со заштитен појас во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата или незгодата на осигуреникот му се случила како патник при возење со возило, чиј возач немал соодветна возачка дозвола, освен ако осигуреникот докаже дека нема причинско-последична врска. Во случај кога ограничувањето на обврските на осигурувачот е дадено по два или повеќе критериуми од овој став, осигурувачот исплаќа 55% од сумата на осигурување.

[3] Ако осигуреникот не се придржува кон инструкциите на лекарот што го лекува, осигурувачот не е должен да изврши исплата на осигурената сума во целост, туку во нејзин пропорционален дел, со оглед на зголемените последици, што настанале поради тоа.

[4] Ако врз опсегот на последиците од несреќниот случај или на должината на лекувањето влијаеле и претходните заболувања, дегенеративни промени, состојби или недостатоци обврската на осигурувачот се намалува. Во случај на присутни заболувања, дегенеративни промени, состојби или недостатоци осигурувачот исплаќа 50% од сумата на осигурување.

Член 7

ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

[1] Исклучени се обврските на осигурувачот за несреќни случаи кои настануваат:
1) поради земјотрес, природни непогоди, загадување на животната средина или радиоактивно зрачење;
2) непосредно или посредно заради дејството на нуклеарната енергија;
3) поради воени операции, бунтови, немири, демонстрации, терористички дејствија или саботажи;
4) поради активно учество во вооружени акции, освен ако осигуреникот во нив учествувал при вршење на своите работи и работни задачи, или на повик од овластени органи на државата на договорувачот на осигурувањето;
5) при управување со летала и направи за летање од сите видови, пловни објекти, моторни и други возила без соодветна важечка дозвола за управување со видот и типот на леталото, пловниот објект, моторното и другото возило. Се смета дека осигуреникот има соодветна важечка возачка дозвола кога поради подготовка и при полагањето на испитот за добивање на службена дозвола вози под непосреден надзор на лице, кое според постоечките прописи може да обучува. Последици по оваа точка нема, доколку фактот дека осигуреникот немал соодветна важечка дозвола, не влијаел врз настанувањето на несреќниот случај;
6) како последица на сите облици на зрачење, висинска и нуркачка болест, како и претерана изложеност на светлина, сончеви зраци и промена на температурата, освен во случај на спасување туѓ живот;
7) поради пореметување на свеста, епилептичен напад, мозочен удар, инфаркт, состојба на болест на осигуреникот, како и за сите последици од несреќниот случај, кои ќе настанат поради сите видови на слабости;
8) при подготовка, обид или извршување на кривично дело, како и при бегство поради такво дело;
9) кога осигуреникот учествувал во физичка пресметка или ја предизвикал со вербална провокација, освен во случај на службено докажана самоодбрана. Осигуреникот мора самиот да ги докаже околностите при самоодбраната и на осигурувачот да му поднесе соодветни службени докази односно службени документи;
10) поради дејство на алкохол, наркотички дроги или психотропни супстанци кај осигуреникот, без оглед на каква било одговорност на трето лице за настанокот на осигурениот случај. Се смета дека осигурениот случај настанал поради дејство на алкохолот, ако по настанокот на несреќниот случај е утврдено дека:
11) -кај осигуреникот кој управувал со возилото е присутна концентрација поголема од 0,5g/kg на алкохол во организмот;
12)-кај останатите сопатници е присутна концентрација поголема од 1,00g/kg алкохол во организмот, и ако таквата состојба на осигуреникот имала причинска врска со настанокот на осигурениот случај.

Се смета дека несреќниот случај се случил поради дејство на опојни или други наркотици односно други психоактивни материи или психоактивни лекови кај осигуреникот:
- ако со стручен преглед или со токсиколошка истрага се утврди кај осигуреникот присутност на опојни или други наркотици;
- ако со токсиколошката истрага е потврдена содржината на психоактивните материи или психоактивни лекови во урината или во крвта, во концентрација поголема од терапевтските дози;
- ако го одбие или го избегне утврдувањето на присутност на опојни или други наркотици, односно други психоактивни материи или психоактивни лекови во неговиот организам.

[2] Исклучени се обврските на осигурувачот за последици од несреќен случај, кои не биле познати или утврдени во медицинската документација во првата година по несреќниот случај.

Член 8

ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

[1] Премијата се плаќа однапред, одеднаш за целата година на осигурување. Ако е договорено годишната премија да се плаќа на полугодишни, квартални, месечни рати, на осигурувачот му припаѓа премијата за целата година на

осигурување. Премијата се плаќа заедно со премијата за основното осигурување живот.

Член 9
ПРОМЕНА НА ОПАСНОСТИТЕ ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

[1] Договорувачот, односно осигуреникот е обврзан на осигурувачот да му пријави промена на своите редовни задачи и работи.

[2] Ако поради тие промени се зголемила опасноста, осигурувачот има право да ја зголеми премијата, а ако опасноста се намалила осигурувачот мора да предложи намалување на премијата или зголемување на осигурените суми. Така утврдените осигурени суми и премија важат од денот на промената на работните задачи.

[3] Ако договорувачот не пријави промена на работните задачи или не се согласи на зголемување, односно намалување на премијата во рок од 14 дена, во случај на настапување на осигурен случај, осигурените суми се зголемуваат или намалуваат во однос меѓу платената премија и премијата, која би требало да биде платена.

Член 10
ПРИЈАВУВАЊЕ НА НЕСРЕЌНИОТ СЛУЧАЈ

[1] Договорувачот, осигуреникот или корисникот е должен писмено да му го пријави несреќниот случај на осигурувачот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на настанот, или во рок од 14 (четиринаесет) дена по завршеното лекување. Пријавата се пополнува на образец на осигурувачот и освен пропишаната медицинска документација, се доставуваат и полисата за осигурување живот во оригинал и по потреба додатокот на полисата, и друга потребна документација.

[2] Осигуреникот, кој е повреден поради несреќен случај е должен:

1) по можност веднаш да се пријави кај лекар, односно да повика лекар поради преглед и давање на потребна помош и веднаш да ги преземе сите потребни мерки за лекување како и да ги почитува упатствата на лекарот за начинот на лекување;
2) да обезбеди соодветни докази за случувањето и текот на несреќниот случај;
3) по писмен пат да го пријави несреќниот случај кај осигурувачот кога тоа ќе му го овозможи здравствената состојба;
4) во пријавата за несреќниот случај да му ги даде на осигурувачот сите потребни известувања и податоци, кои ги бара осигурувачот за решавање на осигурениот случај, а посебно: местото и времето кога се случил несреќниот случај, целосен опис на случувањето на несреќниот случај, име на лекарот кој го прегледал или го лекувал, лекарски наоди, фотокопија од евиденцијата на болеста кај матичниот лекар, фотокопија од потврдата за оправдана задржаноста од работа (болнички лист), фотокопии од упатите на прегледи (упати), доказ за престој во болница (отпусно писмо), и друга документација за текот на лекувањето, видот на телесни повреди, за настанатите и за можните последици, како и податоците за телесните мани, недостатоци и болести, кои ги имал пред несреќниот случај.

[3] Ако несреќниот случај предизвикал смрт на осигуреникот, корисникот на осигурувањето тоа треба веднаш писмено да го пријави кај осигурувачот и да ја обезбеди потребната документација.

[4] Осигурувачот не ги покрива адвокатските трошоци, односно трошоците за друго застапување во постапката на пријава и решавање на осигурениот случај како и трошоците во жалбената постапка.

[5] Осигурувачот е овластен и има право од осигуреникот, договорувачот, корисникот, здравствената установа или кое било друго правно или физичко лице да побара дополнителни објаснувања и докази, и на свој трошок да побара лекарски преглед и на осигуреникот преку своите лекарски комисии за утврдување на важни околности во врска со пријавениот несреќен случај.

[6] Ако осигуреникот не постапи според одредбите од точка 1 на став (1) од овој член, иако поради таквото постапување придонесе за настанок на инвалидитет или придонесе инвалидитетот да биде поголем отколку што инаку би бил, има право само на размерно намален надомест.

[7] Ако договорувачот, осигуреникот или корисникот не го пријави несреќниот случај со соодветна документација според одредбите на овие Општи услови, туку веднаш поведе судски спор против осигурувачот, осигурувачот веднаш ќе го повика тужителот на поднесување на пријава на осигурениот случај и повлекување на судската тужба.

Член 11
УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА КОРИСНИКОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

[1] Ако поради несреќниот случај настапи смрт кај осигуреникот, корисникот е должен да ја поднесе полисата и докази дека смртта настапила како последица на несреќен случај. Ако лицето кое настапува како корисник, а како такво не е изрично наведено како такво во договорот за осигурување, мора да го докаже правото за примање на осигурените суми.

[2] Во случај на остварување на правата од склученото осигурување, осигуреникот мора да ја достави полисата, доказ за платена последна премија, докази за околностите за случување на несреќниот случај и докази за текот и завршувањето на лекувањето како и настанатите последици за определување на конечниот степен на инвалидитет.

[3] Степенот на инвалидитет се определува според Табела на инвалидитет за определување на трајна загуба на општата работна способност поради несреќен случајспоред утврдената и со здравствената документација докажана дијагноза. Индивидуалните способности на осигуреникот, социјалната положба или работното подрачје (професионална способност) не се земаат предвид при определувањето на степенот на инвалидитет.

[4] При загуба на повеќе екстремитети или органи поради еден несреќен случај, процентите на инвалидитет за секој поединечен ектремитет или орган се собираат.

[5] Ако збирот на проценти на инвалидитет за загуба или повреда на повеќе екстремитети или органи поради еден несреќен случај, според Табелата е повеќе од 100%, осигурувачот не е обврзан да исплати повеќе отколку што изнесува осигурената сума за целосен инвалидитет.

[6] За повеќекратни повреди на ист екстремитет или орган осигурувачот е обврзан да го исплати најмногу оној процент на инвалидитет, кој во Табелата е определен за целосна загуба на екстремитетот или органот, односно дел од екстремитетот или органот.

[7] Ако општата работна способност на осигуреникот уште пред несреќниот случај била намалена, обврската на осигурувачот се определува според новиот инвалидитет, независно од претходниот, освен во случај кога осигуреникот загуби или повреди веќе претходно повреден екстремитет, орган или зглоб. Во таков случај осигурувачот врши исплата само на разликата меѓу претходниот и новиот степен на инвалидитет, но најмногу разликата до инвалидитетот, кој според Табелата е предвиден за неподвижност на зглобот, односно целосна загуба на екстремитетот или органот, односно дел од екстремитетот или органот.

[8] Осигурувачот не ги покрива трошоците за добивање на медицинска документација, вклучително со преводите и копиите од таа документација, кои осигуреникот е должен да ги поднесе како доказ за настанувањето, постоењето и опсегот на осигурениот случај. Осигурувачот има право на свој трошок да преземе сѐ што е потребно за преглед на осигуреникот кај лекар, лекарски комисии или во здравствени установи.

Член 12
ИСПЛАТА НА ОСИГУРЕНИТЕ СУМИ

[1] Осигурувачот врши исплата на осигурената сума, односно нејзин соодветен дел на корисникот или на осигуреникот во рок од 14 дена по приемот на сите докази за постоењето и висината на својата обврска.

[2] Осигурувачот исплаќа осигурена сума за смрт поради несреќен случај, ако осигуреникот умре поради последиците од несреќниот случај најдоцна во рок од 180 дена по несреќниот случај.

[3] Ако осигуреникот умрел поради која било друга причина, која не е последица од несреќниот случај, најдоцна во рок од три години од денот на несреќниот случај, а степенот на инвалидитет сѐ уште не бил одреден, инвалидитетот се определува врз основ на постоечката медицинска документација. Покрај, евентуално, веќе претходно исплатена аконтација за инвалидитет, осигурувачот исплаќа само уште разлика до утврдениот степен на инвалидитет.

[4] Конечниот степен на инвалидитет се определува по завршеното лекување, кога последиците од повредите ќе се смират, а тоа е, кога според оценката на лекарот не може да се очекува да состојбата ниту се подобри ниту се влоши. Ако таа состојба не настапи ниту по три години по несреќниот случај, како конечна се зема состојбата по истекувањето на тој рок и според неа се определува крајниот степен на инвалидитет. Евентуалното натамошно влошување на здравствената состојба не влијае на обврската на осигурувачот, бидејќи обврската на осигурувачот (краен степен на инвалидитет) се определува по изминувањето на три години од случувањето на незгодата. Степенот на инвалидитет го одредува лекарот на осигурувачот, врз основ на поднесената медицинска документација и извршениот лекарски преглед, освен ако осигурувачот не одлучи поинаку.

[5] Сѐ додека не е можно да се утврди крајниот степен на инвалидитет на осигуреникот, осигурувачот може да исплати износ, кој неспорно одговара на степенот на инвалидитет, за кој врз основ на лекарската документација можело дури и тогаш без сомнение да се утврди дека трајно ќе остане.

[6] Ако несреќниот случај има за последица инвалидитет на осигуреникот по Табелата за инвалидитет во висина од 50% или повеќе и ако со договорот за осигурување е договорена исплата на месечна рента за инвалидитет, осигурувачот започнува да ја исплаќа месечната рента за инвалидитет од следниот месец, кога во согласност со став 4 од овој член е утврден конечниот степен на инвалидитет и ја исплаќа во времетраење од 5 години. Во случај на смрт на осигуреникот за време на исплаќањето на месечната ренета за инвалидитет, се продолжува со исплаќањето на остатокот од ратите на месечната рента за инвалидитет на корисникот за случај на смрт. Исплаќањето на месечната рента за инвалидитет по договорот за осигурување е ограничено најмногу за еден несреќен случај за поединечен осигуреник во времетраењето на осигурувањето.

[7] При повеќекратна фрактура на иста коска поради еден несреќен случај осигурувачот исплаќа надомест за фрактура на таа коска само еднаш.

[8] Осигурувачот не исплаќа надомест за исчашување во случај кога се работи за повторувачко или хабитуално исчашување.

[9] Ако поради несреќен случај е потребно сместување и лекување во болница и по договорот за осигурување е договорен и надомест за болнички ден, осигурувачот го исплаќа договорениот износ за болнички ден за секој календарски ден за сместување на осигуреникот во болница, но најмногу за 365 дена во текот на две години од денот на несреќниот случај. За болници се сметаат општи и специјални болници и клиники, чија дејност е комплексна дијагностика и лекување. Лекувалишта, домови и установи за рекреација и одмор не се сметаат за болници.

[10] Ако несреќниот случај како последица има смрт или инвалидитет на осигуреникот, осигурувачот на корисникот, односно на осигуреникот му ја исплаќа осигурената сума или нејзин дел, договорен за такви случаи, без оглед на евентуално исплатениот надомест за болнички ден.

[11] Ако инвалидитетот поради еден несреќен случај според Табелата на инвалидитет е 100% осигурената сума за траен инвалидитет се дуплира.

[12] Ако во договорот за осигурување е договорена и месечна рента, во случај, кога инвалидитетот поради еден несреќен случај според Табелата за инвалидитет изнесува 50% или повеќе, осигурувачот ќе ја исплаќа договорената месечна рента во период од 5 години. Во тој случај престанува осигурувањето на тој ризик.

[13] Осигурувачот исплаќа 150 % од договорената сума во случај на смрт поради несреќен случај, ако осигуреникот во согласност со одредбите на Посебните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, умре како учесник во сообраќајна несреќа или во рок од една година по сообраќајната несреќа од нејзините последици. За сообраќајната несреќа се смета секој настан во кој учествува барем едно сообраќајно средство што се движи. Како сообраќајни средства се сметаат возило, воздухоплов, чамец, велосипед и велосипед со помошен мотор.

Притоа:

- како возило се сметаат сите моторни и приклучни возила определени со Законот за безбедност на

сообраќајот на патиштата, кои имаат важечка сообраќајна дозвола;
- чамец е пловило определено согласно законските прописи;
- воздухоплов е направа како што е определено во Законот за воздухопловство;
- велосипед е возило како што е определено со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- велосипед со помошен мотор е возило како што е определено со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

[14] Ако во договорот за осигурување е договорен надомест за болнички ден, осигурувачот без оглед на одредбите во член 3 став 4 точка 12 од овие услови, исплаќа надомест за болнички ден и во случај на сместување и лекување на осигуреното лице во болница како последица од зараза со салмонела, односно легионела. Притоа, осигурувачот е обврзан да исплати осигурување само ако наведената зараза е докажана во медицинската документација и ако осигуреникот е примен во болница и е лекуван само поради таа зараза.

Член 13
ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

[1] Корисникот за случај на смрт на осигуреникот се определува на полисата.
[2] Ако на полисата или во дополнителните услови не е поинаку договорено, корисници во случај на смрт на осигуреникот се:
1) децата и брачниот другар на осигуреникот со еднакви делови;
2) ако нема брачен другар, децата на осигуреникот со еднакви делови;
3) ако нема деца, брачниот другар и родителите на осигуреникот. Во тој случај на брачниот другар му припаѓа половина од осигурената сума, а другата половина на родителите, односно на оној од родителите, кој е жив. Ако родителите на осигуреникот умреле пред него, целата осигурена сума му припаѓа на брачниот другар;
4) ако нема брачен другар, ниту деца, родителите на осигуреникот во еднакви делови. Ако е жив само еден од родителите, нему му припаѓа цела осигурена сума;
5) ако нема лица, наведени во претходните точки од овој став, корисници се наследниците на осигурувачот врз основа на правосилно оставинско решение.

[3] За брачен другар се смета лицето, кое било со осигуреникот во брак за време на неговата смрт.
[4] Во случај на инвалидитет или инвалидитет со исплаќање на месечна рента за инвалидитет или лекување во болница, корисник е самиот осигуреникот, доколку не е поинаку договорено.
[5] Ако корисник е малолетно лице, сумата од осигурувањето се исплаќа на неговите родители односно старатели. Осигурувачот бара од старателот, да за таа цел поднесе полномошно од надлежниот орган за старателство.

Член 14
ПОСТАПКА НА ВЕШТАЧЕЊЕ

[1] Во секој случај кога договорувачот, осигуреникот или корисникот и осигурувачот не се согласни во врска со видот, причината или последиците на несреќниот случај, како и во врска со висината на обврската на осигурувачот, утврдувањето на спорните факти ќе им се довери на вештаци од одредена специјализација, согласно со настанатиот спор.
[2] Во случајот од став(1) на овој член, еден вештак именува осигурувачот а вториот спротивната страна. Доколку нивните наоди не се согласни, именуваните вештаци одредуваат трет вештак, кој своето стручно мислење ќе го даде само во врска со оние факти што се спорни меѓу нив и во границите на нивните наоди и мислења. Секоја страна ги плаќа трошоците за вештаците кои ги именувала, а за третиот вештак секоја страна плаќа половина од трошоците.

Член 15
ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

[1] Ако траењето на осигурувањето не е определено во договорот, секоја страна може да го откаже договорот со денот на стасаноста на премијата, само претходно за тоа треба писмено да ја извести другата страна најмалку 1 месец пред стасаноста на премијата. Се смета дека траењето на осигурувањето не е определено, ако во договорот е утврдено времетраење со можност договорот да се продолжува за ист временски период, ако страните пред стасаноста на премијата не го откажат договорот.
[2] Ако осигурувањето е склучено на повеќе од 3 години, по истекот на тој период секоја страна со отказен рок од шест месеци смее да отстапи од договорот, а за тоа писмено да ја извести другата страна.

Член 16

ПРОМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ИЛИ ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ

[1] Ако осигурувачот ги промени општите услови или тарифата на премии, должен е за тоа да го извести осигуреникот на соодветен начин.
[2] Ако договорувачот, договорот за осигурување не го откаже во рок од 30 дена од денот на известувањето, новите услови за осигурување, односно тарифи на премии се применуваат од почетокот на следната година на осигурување.
[3] Ако договорувачот го откаже договорот за осигурување тој престанува да важи со истекот на осигурителната година, во која осигурувачот го примил откажувањето.

Член 17

ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ОСИГУРУВАЧОТ

[1] Договорувачот мора да го извести осигурувачот за промената на адресата на своето живеалиште, односно седиштето или своето име, односно името на фирмата, во рок од 15 денови од денот на промената.
[2] Ако договорувачот ја промени адресата на живеалиштето, односно седиштето или своето име односно името на фирмата, а за тоа не го известил осигурувачот, доволно е осигурувачот, известувањето, да му го испрати на договорувачот на адреса на неговото последно познато живеалиште, односно седиште или да го адресира на неговото последно познато име, односно името на фирмата.

[3] Известувањето, пратено од страна на осигурувачот, се смета за извршено петнаесеттиот ден откако пратката, односно известувањето за пратка е доставено до договорувачот, на адреса на неговото последно познато живеалиште или седиште, односно неговото последно познато име односно името на фирмата.

Член 18: ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

(1) Идентитет и контакт на податоците на контролорот и офицерот за заштита на личните податоци:
Назив: Триглав Осигурување Живот АД, Скопје
Седиште: Булевар 8-ми Септември бр. 18 кат 2, Општина Карпош, Скопје
e-mail: info@triglavzivot.mk
(2)Офицер за заштита на лични податоци:oficer.lp@triglavzivot.mk
*Дополнителни информации за офицерот за заштита на лични податоци може да најдете на интернет страницата на Друштвото.

Член 19: ОБРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
[1] Триглав Осигурување Живот АД, Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на осигуреници, договорувачи на осигурување, нивните законски застапници или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релевантни позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје, а Триглав Осигурување Живот АД, Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Член 20: ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
[1] Триглав Осигурување Живот АД, Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување и исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување, врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Законот за облигациони односи и одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 21: ЦЕЛИ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
(1) Личните податоци (телефонски број и електронска адреса – e-mail), Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува со цел остварување на контакт заради ефикасно остварување на права и обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување. Овие податоци за цели доставување на рекламни материјали, промоции, понуди како и за други цели на директен маркетинг од страна на Групацијата Триглав во Република Северна Македонија, ќе бидат искористени само доколку имате дадено согласност, преку одбирање на соодветната опција за согласност.
(2)Со цел водење на постапка за прием во осигурување, склучување на договори за осигурување, како и извршување на права и обврски преземени со склучување на договор за осигурување, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје обработува копии од документи во кои се содржани лични податоци.
(3) Личните податоци од став 1 и став 2 на овој член Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци, а недавањето на согласност за обработка на податоците од став 2 на овој член може да има за последица одбивање во прием на осигурување, несоодветно проценување или степен на оштета или пак неисплаќање на оштетно барање.
(4) Согласноста за обработка на личните податоци од ставот 3 на овој член може да се повлече во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „бул.8-ми Септември“ бр.18 кат2, 1000 Скопје“ со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса oficer.lp@triglavzivot.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на личните податоци Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци со што можат да настанат последици на несоодветно проценување на степенот на оштета или неисплаќање на оштетно барање.

Член 22: РОКОВИ ЗА ЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
[1] Личните податоци, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги чува во рок за цело времетраење на договорниот облигационен однос, односно 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настаната штета согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
[2] По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

Член 23: ПРАВАТА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
[1] Остварување на правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на лични податоци, приговор и преносливост), се врши преку доставување на барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: oficer.lp@triglavzivot.mk. На истата електронска адреса може да се достави барање во врска со сите

прашања поврзани со обработката на личните податоци.
[2] Доколку субјектот на лични податоци смета дека обработката на личните податоци за целите наведени во член 21, од страна на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое право за заштита на личните податоци, има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

Член 24: ПРЕНОС НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
[1] Триглав Осигурување Живот АД, Скопје е дел од Групацијата Триглав. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Заваровалница Триглав каде што личните податоци се обработуваат само за цели на чување. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, во рамките на Групацијата Триглав се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на заштитните мерки може да се добијат со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: „бул.8-ми Септември“ бр.18 кат2, 1000 Скопје“ со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса oficer.lp@triglavzivot.mk.

Член 25: ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛИ НА ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ
(1)Личните податоци за цели на директен маркетинг, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува само врз основа на изречна согласност за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши Триглав Осигурување Живот АД, Скопје или поврзаните друштва од рамките на Групација Триглав во Република Северна Македонија за своите услуги и услугите на поврзаните друштва од рамките на Групација Триглав во Република Северна Македонија.
(2)Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: oficer.lp@triglavzivot.mk, или по пошта до Триглав Осигурување Живот АД, Скопје, бул.„8-ми Септември“бр.18 кат2, 1000 Скопје, со назнака “Офицер за заштита на лични податоци”).

Член 26
ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ
[1] Во случај кога договорувачот, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека осигурувачотне се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка со цел вонсудско решавање на настанатиот спор до:
1) Соодветна организациона единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување;
2) Служба за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3) Организација за заштита на потрошувачи, и
4) Агенција за супервизија на осигурување
[2] Заемната согласност помеѓу осигурувачот и подносителот на претставката постигната во вонсудска постапката ќе биде во форма на меѓусебна спогодба.
(3)Осигурувачот е должен да го почитува принципот на доверливост на информациите кои се достапни во процесот на постапување со претставките.
Член 27
ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
[1] Составен дел на Посебните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај склучено кон основното осигурување се Табелата на инвалидитет за определување на трајната загуба на општата работна способност поради несреќен случај.
[2] За односите меѓу осигурувачот и договорувачот, кои не се уредени со овие Посебни услови, се користат одредбите од Законот за облигациони односи.
[3] Осигурувачот ќе го известува договорувачот за сите промени во согласност со законските прописи.
[4] Договорувачот е должен без одлагање да го извести осигурувачот за секоја промена на своето име или презиме, односно назив на фирмата, доколку договорувачот е правно лице како и за адресата на фактичкото живеалиште, односно седиште на фирмата, доколку договорувачот е правно лице.
[5] Овие услови влегуваат во сила од моментот на нивното усвојување, а ќе се применуваат од 01.05.2021 година

Табела на инвалидитет за определување на трајна загуба на општата работна способност поради несреќен случај

Врз основа на член 20 од посебните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, Табелата на инвалидитет за определување на трајна загуба на општата работна способност поради несреќен случај е составен дел од општите услови и на секој поединечен договор за осигурување од несреќен случај.

За определување на степенот на трајна загуба на општата работна способност за сите осигурувања од несреќен случај се употребуваат исклучиво одредбите од оваа Табела.

РОКОВИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИНВАЛИДИТЕТ

Степенот на трајна загуба на општата работоспособност (во понатамошниот текст: инвалидитет) се определува најмалку 6 месеци по завршеното лекување, кога последиците од повредите се стабилни, освен ако според одделни точки од

Табелата не е поинаку определено. Крајната оценка на трајниот инвалидитет се определува најдоцна на состојба по изминати три години од несреќниот случај, без оглед на предвиденото лекување по тој рок.

ВОВЕДНА ОДРЕДБА

Субјективните тегоби, психичките пречки, односно дисфункции, вкочанетост, намалување на моторичката мускулна сила, болки и отоци на местото на повредата не се земаат предвид при определување на процентот на трајна загуба на општата работна способност. Инвалидитетот се определува само на директно повредените делови од телото. Повредите или дефектите на зглобната 'рскавица не се земаат предвид при утврдување на инвалидитетот. Исти последици од повредата не се оценуваат според различни точки, туку се избира онаа оценка, која е поповолна за осигуреникот и носи поголем процент на инвалидитет.

МЕРЕЊА

При проценка на ограничена подвижност, врз основа на која било точка од Табелата на инвалидитет, се употребува гониометриски метод за мерења. Стапката на инвалидитет се пресметува како дел од максималната вредност, дадена во Табелата, каде делот се пресметува како однос меѓу збирот на сите определени дефицити и збирот на сите нормални (или нормативни) движења на поединечен екстремитет или орган.

Ограничена подвижност почнува да се оценува како траен инвалидитет во согласност со Табелата на инвалидитет, само ако е утврдено ограничено движење на поединечни движења на екстремитетот или органот во една насока поголемо од десет проценти (10%) во однос на нормалната подвижност, односно во однос на нормативната вредност на одделните движења на екстремитетот или органот. Анкилозата на зглобовите се оценува според процентите за ограничена подвижност.

I. ГЛАВА

1. Дифузни повреди на мозокот со клинички утврдена слика:
   - децеребрација
   - хемипледија со афазија и агнозија
   - деменција (Корсаков синдром)
   - паркинсонов синдром со изразена забавеност на движење на сите екстремитети
   - комплетна хемиплегија, параплегија, триплегија, тертаплегија
   - трајна вегетативна состојба
   - апалична состојба.............................................................................................90
2. Оштетување на мозокот со клинички утврдена слика:
   - хемипареза со јако изразен спастицитет
   - екстрапирамидална симптоматика како последица на оштетување на екстрапирамидалните патишта
